**Përfundimi i vlefshmërisë**

Neni 96

Në ditën e fillimit të zbatimit të këtij ligji, Ligji i Mbikëqyrjes Inspektuese ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" Nr. 102/19, 272/24 dhe 22/25) pushon së qeni i vlefshëm.

**Hyrja në fuqi**

Neni 97

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e publikimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe do të fillojë të zbatohet nga 1 janari 2026.

---

**2973.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2025 година.

Бр. 08-3697/1
27 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова**, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши**, с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОНФИСКУВАН ИМОТ, ИМОТНА КОРИСТ И ОДЗЕМЕНИ ПРЕДМЕТИ ВО КРИВИЧНА И ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА**

Член 1

Во Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" број 64/24, 37/25, 86/25 и 101/25), во членот 29 по зборот „проценка," се додаваат зборовите: „од страна на овластен проценител со лиценца, вработен во Агенцијата,".

Член 2

Во член 30 во ставот 1 точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: „или писмено.".

Во ставот 2 по зборот „електронски" се додаваат зборовите: „или писмен".

Во ставот 4 по зборот „електронски" се додаваат зборовите: „или писмен".

Член 3

Во член 35 во ставот 7 по зборовите: „од страна на" се додаваат зборовите: „овластен проценител со лиценца вработен во Агенцијата,".

Член 4

Насловот на членот 36 се менува и гласи: „Постапување со привремено одземени саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци".

Во член 36 во ставот 1 зборовите: „со добиена претходна согласност на судот кој ја донел одлуката за привремено одземање," се бришат, а зборовите: „храна, облека, обувки" се заменуваат со зборовите: „саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна".

Ставот 2 се брише.

Ставот 3 кој станува став 2 се менува и гласи:

„Пред отстапувањето на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува извештај од анализи за определување на макро и микро елементи и елементи во трага од Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. По добивање на извештајот, Агенцијата привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член ги отстапува."

Ставот 4 се брише.

Ставот 5 станува став 3.

Член 5

По членот 36 се додаваат два нови наслови и два нови члена 36-а и 36-б, кои гласат:

**„Постапување со привремено одземени предмети како облека и обувки**

Член 36-а

Агенцијата ќе донесе одлука привремено одземените предмети како облека и обувки да ги отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации, регистрирани согласно со закон. За ваквата одлука Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на привремено одземените предмети на државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.

**Постапување со привремено одземени предмети како жива стока**

Член 36-б

Агенцијата ќе донесе одлука привремено одземените предмети како жива стока да ја отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации, регистрирани согласно со закон. За ваквата одлука Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Пред отстапувањето на привремено одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови, во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Доколку мислењето од ставот 2 на овој член е негативно, односно доколку привремено одземените предмети не ги задоволуваат условите, Агенцијата е должна овие предмети да ги уништи, согласно со постапката уредена во членот 72 од овој закон, во рок до 30 дена од приемот на негативното мислење.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на привремено одземените предмети на државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.".

Член 6

Во член 40 ставот 2 се менува и гласи:

„Агенцијата предметите од ставот 1 на овој член може да одлучи да не ги продаде и истите да ги отстапи со одлука донесена од страна на Управниот одбор на Агенцијата, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија.".

Во ставот 4 точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и на други државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации".

Член 7

Насловот на членот 56 се менува и гласи: „Отстапување на одземен саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна и безалкохолни пијалаци".

Во член 56 во ставот 1 зборовите: „храна, облека, обувки" се заменуваат со зборовите: „саден и семенски материјал, земјоделски и раноградинарски производи, производи за заштита на растенијата, храна".

Ставот 2 се менува и гласи:

„Пред отстапувањето на одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува извештај од анализи за определување на макро и микро елементи и елементи во трага од Државната фитосанитарна лабораторија при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. По добивање на извештајот, Агенцијата одземените предмети од ставот 1 на овој член ги отстапува."

Ставот 3 се брише.

Ставот 4 станува став 3.

Член 8

По членот 56 се додаваат два нови наслови и два нови члена 56-а и 56-б, кои гласат:

**„Отстапување на одземени предмети како облека и обувки**

Член 56-а

Агенцијата ќе донесе одлука одземените предмети како облека и обувки да ги отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на одземените предмети на државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.

**Отстапување на одземени предмети како жива стока**

Член 56-б

Агенцијата ќе донесе одлука одземените предмети како жива стока да ја отстапи без надоместок на државни органи, јавни установи основани од државата, здруженија и фондации, регистрирани согласно со закон. За ваквата одлука Агенцијата ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Пред отстапувањето на одземените предмети од ставот 1 на овој член, Агенцијата обезбедува мислење од Агенцијата за храна и ветеринарство дали предметите ги исполнуваат здравствените, ветеринарните и безбедносните услови во рок од три дена од денот на приемот на барањето.

Доколку мислењето од ставот 2 на овој член е негативно, односно доколку одземените предмети не ги задоволуваат условите, Агенцијата е должна овие предмети да ги уништи, согласно со постапката уредена во членот 72 од овој закон, во рок до 30 дена од приемот на негативното мислење.

Управниот одбор со подзаконски акт го пропишува начинот на отстапување на одземените предмети на државни органи, јавни установи и претпријатија, основани од државата и општините, здруженија и фондации.".

Член 9

Во член 59 по ставот 4 се додава нов став 5, кој гласи:

„Доколку лицето од кое што е наложено да се конфискува противправно стекнатата имотна корист, доброволно не го платило соодветниот износ на противправно стекнатата имотна корист, а истото е вработено или е во пензија, или по друг основ има континуирани парични приходи, има право до Агенцијата да достави барање да му се одзема износ од платата или пензијата или од континуираните парични приходи стекнати по друг основ, во висина од 1/3 од вкупните приходи, по кое барање директорот на Агенцијата е должен да донесе решение во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето.".

Член 10

Во член 62 ставот 5 се менува и гласи:

„Продажбата на одземените хартии од вредност се врши врз основа на одлука за продажба на хартиите од вредност донесена од страна на Управниот одбор на Агенцијата, на која согласност дава Владата на Република Северна Македонија.".

Ставот 6 се брише.

Член 11

Во членот 79 зборовите: „една година" се заменуваат со зборовите: „три години".

Член 12

Постапките за стари возила од членот 73 од овој закон започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат согласно со одредбите од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка (*) („Службен весник на Република Македонија" број 64/24, 37/25, 86/25 и 101/25).

Член 13

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I G J**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT TË MENAXHIMIT TË PRONËS SË KONFISKUAR, DOBI PRONËSORE DHE SENDE TË SEKUESTRUARA NË PROCEDURË PENALE DHE TË KUNDËRVAJTJES**

Neni 1

Në Ligjin e Menaxhimit të Pronës së Konfiskuar, Dobi Pronësore dhe Sende të Sekuestruara në Procedurë Penale dhe të Kundërvajtjes (*) (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut nr.64/24, 37/25, 86/25 dhe 101/25), në nenin 29, pas fjalës "vlerësim," shtohen fjalët: "nga vlerësuesi i autorizuar me licencë, i punësuar në Agjenci,".

Neni 2

Në nenin 30, në paragrafin 1, pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "ose me shkrim.".

Në paragrafin 2, pas fjalës "elektronike" shtohen fjalët: "ose me shkrim".

Në paragrafin 4, pas fjalës "elektronike", shtohen fjalët: "ose me shkrim".

Neni 3

Në nenin 35, në paragrafin 7, pas fjalëve: "nga ana e" shtohen fjalët: "vlerësuesit të autorizuar me licencë, i punësuar në Agjenci,".

Neni 4

Titulli i nenit 36 ndryshohet si vijon: "Trajtimi i materialit faror dhe për mbëltim të marrë përkohësisht , produkteve bujqësore dhe të kopshtarisë së hershme, produkteve për mbrojtjen e bimëve, ushqimeve dhe pijeve joalkoolike."

Në nenin 36, në paragrafi 1 fjalët: "me pëlqimin paraprak të gjykatës që ka dhënë vendimin për marrje të përkohshëm", shlyhen, ndërsa fjalët: "Ushqim, veshje, këpucë" zëvendësohen me fjalët: "materiali faror dhe për mbëltim, prodhime bujqësore dhe prodhime të hershme kopshtare, prodhime për mbrojtjen e bimëve, ushqimet".

Paragrafi 2 shlyhet.

Paragrafi 3 që bëhen paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Para lëshimit të sendeve të sekuestruara përkohësisht sipas paragrafit 1 të këtij neni, Agjencia do të sigurojë raportin e analizës për përcaktimin e makro dhe mikroelementeve dhe elementëve në gjurmë nga Laboratori Shtetëror Fitosanitar pranë Ministrisë së Bujqësisë, të Pylltarisë dhe të Ekonomisë të Ujërave. Pas marrjes së raportit, Agjencia sendet e sekuestruara përkohësisht sipas paragrafit 1 të këtij neni i lëshon."

Paragrafi 4 shlyhet.

Paragrafi 5 bëhet paragraf 3.

Neni 5

Pas nenit 36 shtohen dy tituj të rinj dhe dy nene të reja 36-a dhe 36-b si vijojnë:

**"Veprimi ndaj sendeve të sekuestruara përkohësisht si veshje dhe mbathje**

Neni 36-a

Agjencia merr vendim për lëshimin e sendeve të sekuestruara përkohësisht si veshjet dhe mbathjet pa kompensim të organeve shtetërore, institucionet publike të themeluara nga shteti, shoqatat dhe fondacionet, të regjistruara në pajtim me ligjin. Për këtë vendim Agjencia do ta njoftojë Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Këshilli drejtues me akt nënligjor përcakton mënyrën e lëshimit të sendeve të sekuestruara përkohësisht në organet shtetërore, institucionet publike dhe ndërmarrjet e themeluara nga shteti dhe komunat, shoqatat dhe fondacionet.

**Veprimi ndaj sendeve të sekuestruara përkohësisht si gjallesat**

Neni 36- b

Agjencia merr vendim sendet e sekuestruara përkohësisht si gjallesa ta lëshojë pa kompensim të organeve shtetërore, institucionet publike të themeluara nga shteti, shoqatat dhe fondacionet, të regjistruara në përputhje me ligjin. Për këtë vendim Agjencia do ta njoftojë Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Para lëshimit së sendeve të sekuestruara përkohësisht sipas paragrafit 1 të këtij neni, Agjencia merr mendim nga Agjencia e Ushqimit dhe e Veterinarisë nëse sendet i plotësojnë kushtet shëndetësore, veterinare dhe të sigurisë, në afat prej tri ditësh nga dita e pranimit të kërkesës.

Nëse mendimi sipas paragrafit 2 të këtij neni është negativ, gjegjësisht nëse sendet e sekuestruara përkohësisht nuk i plotësojnë kushtet, Agjencia është e obliguar t'i asgjësojë këto sende, në pajtim me procedurën e përcaktuar në nenin 72 të këtij ligji, në afat prej 30 ditësh nga marrja e mendimit negativ.

Këshilli drejtues me akt nënligjor përcakton mënyrën e kalimit të sendeve të sekuestruara përkohësisht në organet shtetërore, institucionet publike dhe ndërmarrjet e themeluara nga shteti dhe komunat, shoqatat dhe fondacionet.".

Neni 6

Në nenin 40, paragrafi 2 ndryshon si vijon:

"Agjencia mund të vendos që sendet sipas paragrafit 1 të këtij neni të mos shiten dhe të njëjtat t'i kalojë me vendim të miratuar nga Këshilli Drejtues i Agjencisë, për të cilin Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut jep pëlqimin e saj".

Në paragrafin 4, pika në fund të fjalisë zëvendësohet me presje dhe shtohen fjalët: "si dhe organe tjera shtetërore, institucione publike dhe ndërmarrje, të themeluara nga shteti dhe komunat, shoqatat dhe fondacionet".

Neni 7

Titulli i nenit 56 ndryshohet si vijon: "Kalimi i materialit faror dhe për mbëltim të marrë përkohësisht , produkteve bujqësore dhe të kopshtarisë së hershme, produkteve për mbrojtjen e bimëve, ushqimeve dhe pijeve joalkoolike."

Në nenin 56 në paragrafi 1 fjalët: "Ushqim, veshje, këpucë" zëvendësohen me fjalët: "materiali faror dhe për mbëltim, prodhime bujqësore dhe prodhime të hershme kopshtare, prodhime për mbrojtjen e bimëve, ushqimet".

Paragrafi 2 ndryshon si vijon:

"Para lëshimit të sendeve të sekuestruara sipas paragrafit 1 të këtij neni, Agjencia do të sigurojë raportin e analizës për përcaktimin e makro dhe mikroelementeve dhe elementëve në gjurmë nga Laboratori Shtetëror Fitosanitar pranë Ministrisë së Bujqësisë, të Pylltarisë dhe të Ekonomisë të Ujërave. Pas marrjes së raportit, Agjencia sendet e sekuestruara sipas paragrafit 1 të këtij neni i lëshon."

Paragrafi 3 shlyhet.

Paragrafi 4 bëhet paragraf 3.

Neni 8

Pas nenit 56 shtohen dy tituj të rinj dhe dy nene të reja 56-a dhe 56-b si vijojnë:

**"Kalimi i sendeve të sekuestruara si veshjet dhe mbathjet**

Neni 56-a

Agjencia merr vendim sendet e sekuestruara si veshjet dhe mbathjet t'i kalojë pa kompensim të organeve shtetërore, institucionet publike të themeluara nga organet shtetërore, institucionet publike dhe ndërmarrjet, të themeluara nga shteti dhe komunat, shoqatat dhe fondacionet.

Këshilli drejtues me akt nënligjor përcakton mënyrën e kalimit të sendeve të sekuestruara në organet shtetërore, institucionet publike dhe ndërmarrjet e themeluara nga shteti dhe komunat, shoqatat dhe fondacionet.

**Kalimi i sendeve të sekuestruara si gjallesat**

Neni 56- b

Agjencia merr vendim sendet e sekuestruara si gjallesat ta lëshojë pa kompensim të organeve shtetërore, institucionet publike të themeluara nga shteti, shoqatat dhe fondacionet, të regjistruara në përputhje me ligjin. Për këtë vendim Agjencia do ta njoftojë Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut.

Para lëshimit së sendeve të sekuestruara sipas paragrafit 1 të këtij neni, Agjencia merr mendim nga Agjencia për Ushqim dhe Veterinari nëse sendet i plotësojnë kushtet shëndetësore, veterinare dhe të sigurisë, në afat prej tri ditësh nga dita e pranimit të kërkesës.

Nëse mendimi sipas paragrafit 2 të këtij neni është negativ, gjegjësisht nëse sendet e sekuestruara nuk i plotësojnë kushtet, Agjencia është e obliguar t'i asgjësojë këto sende, në pajtim me procedurën e përcaktuar në nenin 72 të këtij ligji, në afat prej 30 ditësh nga marrja e mendimit negativ.

Këshilli drejtues me akt nënligjor përcakton mënyrën e kalimit të sendeve të sekuestruara në organet shtetërore, institucionet publike dhe ndërmarrjet e themeluara nga shteti dhe komunat, shoqatat dhe fondacionet.".

Neni 9

Në nenin 59 pas paragrafit 4 shtohet paragrafi i ri 5, si vijon:

"Nëse personi të cilit i është urdhëruar konfiskimi i dobisë pronësore të fituar në mënyrë të paligjshme, nuk e ka paguar vullnetarisht shumën e duhur të dobinë pronësore të fituar në mënyrë të paligjshme dhe është i punësuar ose në pension, ose ka të ardhura të vazhdueshme në para mbi një bazë tjetër, ai ka të drejtë të paraqesë kërkesë në Agjenci për t'i hequr një shumë nga paga ose pensioni ose nga të ardhurat e vazhdueshme të fituara në bazë tjetër, në lartësi prej 1/3 e të ardhurave totale, me kërkesë të së cilës drejtori i Agjencisë është i detyruar të marrë vendim brenda 15 ditëve nga dita e paraqitjes së kërkesës".

Neni 10

Në nenin 62 paragrafi 5 ndryshon si vijon:

"Shitja e letrave me vlerë të sekuestruara bëhet në bazë të vendimit për shitjen e letrave me vlerë të miratuar nga Këshilli Drejtues i Agjencisë, për të cilin Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut jep pëlqim.".

Paragrafi 6 shlyhet.

Neni 11

Në nenin 79 fjalët: "një vit" zëvendësohet me fjalët: "tre vite".

Neni 12

Procedurat për automjetet e vjetra sipas nenit 73 të këtij ligji, të filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundojnë në pajtim me dispozitat e Ligjit të Menaxhimit të Pronës së Konfiskuar, Dobi Pronësore dhe Sende të Sekuestruara në Procedurë Penale dhe të Kundërvajtjes (*) (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë numër 64/24, 37/25, 86/25 dhe 101/25).

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi ditën e tetë nga dita e botimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**2974.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за стоковните резерви,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2025 година.

Бр. 08-3698/1
27 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ**

Член 1

Во Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008, 77/2009, 24/11, 43/14 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21 и 74/24) членот 6 се менува и гласи:

„Набавката на производи за стоковните резерви се врши согласно со прописите со кои се уредуваат јавните набавки и класифицирани информации, освен во случаите кога се врши откуп на земјоделски производи од производителите на земјоделски производи или кога примената на постапка за јавна набавка би довела до откривање класифицирани податоци, за што Владата носи посебна одлука.".

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT TË REZERVAVE TË MALLRAVE**

Neni 1

Në Ligjin e Rezervave të Mallrave (Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë, nr. 84/08, 77/09, 24/11, 43/14 dhe 83/18 dhe Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut, nr. 151/21 dhe 74/24), neni 6 ndryshohet si vijon:

"Prokurimi i produkteve për rezervat e mallrave kryhet në përputhje me rregullat që rregullojnë prokurimin publik dhe informacionet e klasifikuara, përveç rasteve kur produktet bujqësore blihen nga prodhuesit bujqësorë ose kur zbatimi i procedurës së prokurimit publik do të çonte në zbulimin e të dhënave të klasifikuara, për të cilat Qeveria do të miratojë vendim të veçantë."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit të tij në Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut.

---

**2975.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за јавните патишта,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2025 година.

Бр. 08-3700/1
27 јуни 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.